РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-2
од 02.02.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 год., бр.08-954/3 од 13.10.2023 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Б (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 74, КО Обршани, општина Кривогаштани**

1. Урбанистичкиот проект Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Б (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 74, КО Обршани, општина Кривогаштани, се однесува на дел од КП бр.74 КО Обршани Општина Кривогаштани.

Проектниот опфат се наоѓа на 3,5км североисточно од село Обршани, општина Кривогаштани, на 70м до 170м од река Блато.

Проектниот опфат го дефинираат следните граници:

-запад: западната граница на КП 74, КО Обршани, општина Кривогаштани;
-север: северната граница на опфатот се движи по средишниот дел од КП 74, КО Обршани, општина Кривогаштани;
-исток: источната граница на опфатот се движи непосредно до заштитниот појас на река Блато, односно непосредно по заштитниот појас на меандриран канал, КП 2202, КО Обршани, општина Кривогаштани и на тој начин отсекува дел од најисточната страна на КП 74, кој не влегува во проектниот опфат.
-југоисток: југоисточната граница на опфатот се движи по југоисточната граница од КП 74, и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2183, КО Обршани, општина Кривогаштани.

Вака дефинираниот опфат, го зафаќа јужниот дел од КП 74, КО Обршани, општина Кривогаштани и површината на иститот изнесува 7,6ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајќи од **03.02.2024 година до 17.02.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**

Nikolche Miskoski
Digitally signed by Nikolche Miskoski
Date: 2024.02.02 15:22:39 +01'00'